Архивски знак: ________
Рок на чување: ________ год.
________ 20__ година
Потпис.

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката
СКОПЈЕ

| Примено: | 25-03-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Ед. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 1986/ | | |

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барам да ми се достави следната информација.

Барател: [redacted], ул. [redacted]
Скопје, [redacted]

Информација од јавен карактер:

1. Дали има потпишан договор со фирма за поправка и одржување на лифтови за катните гаражи и ако има ве молам да ми го доставите договорот на увид.
2. Дали лифтовите во катните гаражи се пуштени во употреба со целосна техничка документација за нивно повторно ставање во употреба? Бидејќи во лифтовите нема ни налепница со телефон и име на сервисерот за во случај да се заглави лифтот.
3. Барам да ми се достави целата техничка документација на увид во врска со пуштањето на употреба на двата патнички лифта во катната гаража Разловечко востание.
4. Дали е направен периодичен технички преглед од инспекциско тело за лифтови, дигалки и транспортери и ако има зошто нема налепница од тоа тело.
5. Ако е направен периодичен технички преглед од инспекциско тело за лифтови, дигалки и транспортери сакам да ми биде даден на увид нивниот извештај.
6. Во катната гаража има многу паркирани возила кои стојат повеќе од 6 месеци, дали има план за нивна дислокација?
7. Дали има донесено правилник кој го третира проблемот на неправилно паркирање и паркирање на необележани места?
8. Кога последен пат е извршена проверка на противпожарниот систем во катната гаража Разловечко востание?

Сакам да се запознаам со содржината на бараната информација преку: електронски запис.

Барам информацијата да ми се достави преку: е-маил

Во: Скопје, 21.03.2025.

[redacted]

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката
03 - 1986/5
11-04-2025

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, а во врска со барањето 03-1986/1 од 25.03.2025 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. **Се прифаќа** Барањето бр. 03-1986/1 од 25.03.2025 година година за пристап до информација од јавен карактер, а во врска со поправка и одржување на лифтовите во катните гаражи, против пожарната мрежа во катните гаражи како и неправилно паркирање во гаражите.
2. Ова решение стапува на сила со денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барањето бр.03-1986/1 од 25.03.2025 година година за пристап до информации од јавен карактер за горенаведената проблематика Ве известуваме за следново:

Согласно добиените информации од Подружницата Скопје, поправката и одржувањето на лифтовите и лифтовските постројки во катните гаражи и станбените објекти со коишто стопанисува АДИССДП е регулирано со „Договор за набавка на услуги за тековно одржување и сервисирање на лифтови и лифтовски постројки“ склучен меѓу нашето Друштво и надворешна фирма. Предмет на овој Договор е редовно одржување и сервисирање на лифтови и лифтовски постројки и тоа еднаш месечно. Редовното одржување на техничката опрема опфаќа: преглед на постројката и на нејзината работа според упатството, отстранување на утврдените недостатоци и замена на неисправните и оштетени елементи, чистење на просториите кои припаѓаат на техничката опрема, а не се за секого достапни, проверка на правилната работа на сите сигурносни уреди и електричните сигурносни кругови, проверка на носечките јажиња или вериги и нивната врска со другите делови, проверка на влечењето што се остварува со триење доколку е соодветно, проверка на исправноста на хидрауличната инсталација, доколку е соодветно, проверка на изолацијата на сите струјни кругови и нивните врски со заземјувањето, проверка на приклучоците на громобранската инсталација, чистење и подмачкување на деловите од техничката опрема, проверка на исправноста на деловите од техничката опрема при движење во обете насоки, како и при застанувањето, проверка на излезите за итна интервенција, проверка на исправноста на погонските уреди, управувачките уреди и на елементите за пренос на силина,проверка на интегритетот на механичката заштита од електронски склопки и разводни кутии, и да ги врши сите други работи во врска со извршување на услугата предмет на овој Договор.

Целиот договор е јавно достапен и објавен е на ЕСЈН.

Во врска со функционирањето на лифтовите и лифтовските постројки, АДИССДП има склучено „Договор за набавка на услуга за прв технички преглед и периодични технички прегледи на лифтови и лифтовски постројки". Согласно член 40 и 43 од Правилникот за користење на лифтови и транспортери (Службен весник на РМ 26/09,5/16) редовен и вонреден технички преглед на лифтови и лифтовски постројки во објекти со кои стопанисува Нарачателот се врши 1 годишно, додека пак првиот технички преглед се врши пред да биде ставена во употреба новоизградената техничка опрема и ги опфаќа активностите согласно спецификацијата од тендерската документација.

Целиот договор е јавно достапен и објавен е на ЕСЈН.

Лифтовите во катните гаражи со коишто стопанисува АДИССДП беа предмет на технички преглед од страна на инспекциско тело и во моментов овластениот сервисер работи на отстранување на утврдените недостатоци. По извршениот сервис ќе биде реализирана уште една проверка од страна на инспекциското тело и веднаш потоа лифтовите ќе бидат пуштени во употреба. Тогаш на нив ќе биде и залепена налепница со сите потребни податоци за сервисерот, како и налепница за извршен технички преглед на лифтот од овластено инспекциско тело.

Во однос на вашето прашање за оставените возила во катните гаражи, посочуваме дека ваквата ситуација која се провлекуваше со години наназад за кусо време ќе биде надмината. Новото раководство на Друштвото веќе има покренато постапка за нивна идентификација, известување на сопствениците и отстранување, што резултираше со отстранување на дел од возилата. Токму во оваа насока е и донесениот Правилник за начинот, постапката и условите на паркирање, времетраењето на паркирањето, системот на наплата на надоместокот за користење на отворен паркинг и катни гаражи, како и начинот и постапката при работа на вработените лица. Напоменуваме дека правилник од овој тип е за прв пат донесен оваа година и ги опфаќа сите аспекти од функционирањето на катните гаражи, како и предизвиците со коишто се тие се соочуваат. Меѓу останатите, Правилникот го регулира и делот кој се однесува на паркирањето на нерегистрирани и хаварисани возила, како и на трајно напуштените паркираните возила.

Во однос на Вашето прашање за последната извршена проверка на противпожарниот систем во катната гаража Разловечко востание, посочуваме дека нашето Друштво врши редовни годишни прегледи и сервисирање не само во конкретната катна гаража, туку во сите катни гаражи со коишто стопанисува АДИССДП и тоа согласно Закон за против пожари. Последната контрола на целокупната ПП опрема (ПП апарати, хидранти, сплинкер системи, дојавувачи за пожар и хидрантска опрема) беше извршена во месец март, од страна на надворешна фирма која има дозвола од ДЗС за вршење на овие задачи. Во моментов, сите наши ПП апарати се сервисирани, а многу скоро ќе се премине и на сервисирање на хидрантската мрежа и ПП централите.

Со почит,

Изработил:
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска

**Генерален директор**
**Марјан Стефановски**